**20200300575**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 7 став (10) од Законот за младински додаток („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20), министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА МЛАДИНСКИ ДОДАТОК

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за остварување на правото на младински додаток.

Член 2

(1) Барањето за остварување на правото на младински додаток се поднесува на образец БМД, кој се печати на хартија со бела боја во А-4 формат.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член, е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(3) Образецот БМД од ставот (1) на овој член, ги содржи следните податоци:

- назив за субјектот до кој се поднесува барањето;
- број и датум на барањето;
- наслов на барањето;
- податоци за подносителот на барањето;
- основ по кој се поднесува барањето;
- согласност на подносителот на барањето за користење на личните податоци во постапка на остварување на правото;
- датум на поднесување на барањето и
- место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1434/1<br>6 февруари 2020 година<br>Скопје | Бр. 08-916/1<br>6 февруари 2020 година<br>Скопје |
| Министер за труд<br>и социјална политика<br>д-р **Рашела Мизрахи**, с.р. | Министер за информатичко<br>општество и администрација,<br>**Дамјан Манчевски**, с.р. |

Прилог
Образец БМД

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Центар за вработување**
___________________________________
Бр. ________________
Датум ______________ година

**Б А Р А Њ Е**
**за остварување право на младински додаток**

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Име и презиме: ____________________________
ЕМБГ: ___________________________
Ден, месец и година на раѓање: ____________________________
Место на раѓање: ____________________________
Државјанство: ____________________________

Адреса
Улица и број: ____________________________
Место: ____________________________ Општина: ____________________________

Број на телефон: ____________________________
Е-мејл адреса: ____________________________
Податоци за завршено образование: _________________________________________________________

Број на трансакциска сметка: ____________________________
Назив на банка ____________________________

**ОСНОВ ПО КОЈ СЕ ПОДНЕСУВА БАРАЊЕТО**

- **Вработување / самовработување со претежна производствена дејност**
  ЕМБС на работодавачот ____________________________
  Датум на засносан работен однос ____________________

- **Вработување во приватна агенција за вработување со отстапување на работа кај работодавач со претежна производствена дејност**
  ЕМБС работодавачот ____________________________
  Датум на засносан работен однос ____________________

- **Индивидуален земјоделец**
  Датум на прием во осигурување ____________________

**☐ Изјавувам дека сум согласен моите лични податоци да се користат за размена и прибирање на податоци за водење на управна постапка**

Датум на поднесување на барањето — Потпис на подносителот на барањето

___.___.______ година — ____________________________